**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 27.05.2021

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 2067 | 1 | |


1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија

3. **Датум на извршување на надзорот:** 27 мај 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се спроведува за да се констатира дали радиодифузерот извршил промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред промената да биде одобрена од страна на Агенцијата (член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** На 25.05.2021 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија спровело промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 1) и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 2).

   **Образложение:** При редовен увид во огласниот дел на веб страницата на Централниот регистар на РС Македонија, во којшто се објавуваат сите извршени промени кај трговските друштва, стручната служба на Агенцијата констатираше дека на 25.05.2021 година е извршена промена на основачите на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија.

   Со промената, од сопственичката структура на оваа телевизија истапило физичкото лице Валентина Цундова од Гевгелија, а пристапило физичкото лице Ѓорѓе Цундов од Гевгелија, како сопственик на уделот кој го поседуваше Валентина Цундова.

7. **Предлог-мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

   Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија и да му укаже во рок од седум дена од денот на приемот на опомената, во архивата на Агенцијата да достави:

   - Податоци за физичкото лице Ѓорѓе Цундов, и тоа ЕМБГ, адреса на живеење и учество во основната главнина на радиодифузерот;

- Нотарски заверена изјава од физичкото лице Ѓорѓе Џундов дека со пристапувањето во сопственичката структура на радиодифузерот не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со промената на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на РС Македонија (не постара од 15 дена од денот на издавањето).

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***